# ЈАВЕН ПОВИК

за пријавување на кандидати за полагање на испит за добивање на сертификат за авто такси возачи во Град Скопје

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1.1. Предмет на јавниот повик е пријавување на кандидати за добивање на сертификат за авто такси возачи во Град Скопје.
1.2. Кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто такси возач треба претходно да завршат обука за авто такси возач и за истата да им се издаде потврда за завршена обука од правни лица за вршење на обука овластени од Градоначалникот на Град Скопје
1.3. Трошоците за обука и за издавање на сертификатот за авто такси возач во Град Скопје се на терет на пријавените кандидати.

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

2.1. Право на учество на јавниот повик имаат сите физички лица кои ги исполнуваат следниве услови :
- поседуваат Потврда за завршена обука издадена од правно лице овластено од Градоначалникот на Град Скопје, за кое е издадено и Решение за давање на согласност за трошковник од Градоначалникот на Град Скопје
- да поседуваат возачка дозвола (Б категорија)

## 3. НАЧИН И РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА И ДАТУМИ ЗА ПОЛАГАЊЕ

3.1. Лицата од точка 2 поднесуваат Пријава до Архивата на Град Скопје во барака 16 (која може да се подигне од Архивата или да се превземе од интернет страната www.skopje.gov.mk).
3.2. Кон пријавата се доставува следнава документација:
- Потврда за завршена обука за авто такси возач во Град Скопје во оригинал, издадена од правно лице овластено за вршење на обука од Градоначалникот на Град Скопје и за кое правно лице е издадено Решение за добиена согласност за трошковник
- копија од лична карта
- копија од возачка дозвола (Б категорија)

3.3. Датуми за одржување на испити
- Датуми во наредните 6 месеци на кои ќе се одржуваат испити за полагање за добивање на сертификат за авто такси возач се:

- Јули 2020, и тоа на 22 и 29.07.2020
- Август 2020, и тоа на 05, 12, 19 и 26.08.2020
- Септември 2020, и тоа на 02, 09, 16, 23 и 30.09.2020
- Октомври 2020, и тоа на 07, 14, 21 и 28.10.2020

- Ноември 2020,    и тоа на 04, 11, 18 и 25.11.2020
- Декември 2020,  и тоа на  02, 09, 16, 23 и 30.12.2020

Сите наведени датуми се во ден Среда, а времето за полагање на испитот секогаш е 12 часот, и испитот ќе се одржува во просториите на Град Скопје, Барака 13 (Сала на Совет на Град Скопје).

- Во случај на промена на датумот и времето на одржување на некој од горенаведените закажани термини за испит, комисијата најмалку два дена пред закажаниот испит ќе ги извести пријавените кандидати за утврдените измени со новиот термин за испит.

- Пред завршување на рокот од 6 месеци објавен во овој Јавен повик, Градоначалникот на Град Скопје ќе објави Јавен повик за наредните 6 месеци со утврдени датуми за полагање за добивање на сертификат за авто такси возач на Град Скопје.

3.4. Рок за пријавување на кандидати за испит

- Рокот за пријавување на кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто такси возачи е најдоцна два дена пред закажаниот термин на одржување на испит.

**4. НАПОМЕНА**

Сертификатот за авто такси возач е документ кој авто-такси возачот задолжително мора да го има во возилото.

Број 08-_______

__.__.2020 година

Градоначалник на Град Скопје
Петре Шилегов
____________________